**Барање и Одговор 23-3601**

1. Доставете ни информација за просечна надморска висина на општината.

   Општина Кавадарци има просечна надморска висина од 270 мнв.

2. Доставете ни информација за број на утврдени природни непогоди (земјотрес, поплава, град, лизгање на земјиште, снежни наноси, лавина, голомразица, град, суша) во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме информацијата доставете ни ја одделно по тип на утврдена природна непогода, одделно по населени места во кои се случила и одделно по месец и години.

   -Во 2015 година- излевање на речното корито на реката Луда Мара
   -Во 2017 година- Пролетен мраз -измрзнување
   -Во 2018 година- Полава во с. Возарци, поплавени се петнаесет (15) куќи и истите се обештетени.
   -Во 2021 година-Пролетен мраз, изготвен е елаборат за процена на настанатата штета и испратен до Влада на РСМ.
   -Во 2021 година-Суша на земјоделските култури, изготвен е елаборат и предаден до Влада на РСМ.
   -Во 2022 година -локално невреме од интензивните врнежи, при што поплавени се деведесет и три (93) подрумски простории од излевање на канализациона мрежа. Формирана е комисија и истите се обештетени со финансиски средства, исплатени со Одлука на Совет.

3. Доставете ни информација дали општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година има формирано комисија за процената и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи согласно членот 143 од Законот за заштита и спасување?Доставете ни информација датум кога била формирана секоја од комисиите и времетраењето на мандатот,одделно за секоја ваква комисија која ја формирала општината. Доставете ни информација за предизвикана материјална штета од природни непогоди во вашата општина во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.

   - 02.02.2015 година-Комисија за процена на штета од елементарни и други непогоди
   - 29.07.2020 година-Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кавадарци
   - 27.08.2021 година-Комисија за процена и утврдување на висината на штета на лозови и овошни насади настаната од природни непогоди- пролетен мраз и суша на територијата на Општина Кавадарци и
   - 16.08.2022 година-Комисија за увид на лице место по поднесени барања за штета настаната од невремето што ја зафати Општина Кавадарци на ден 13.08.2022 година и на 29.08.2022 година е донесено Решение за измена и дополнување на Решението од 16.08.2022 година со што Комисијата врши увид на лице место и по поднесените барања за штета настаната од невремето на ден 24.08.2022 година.

4. Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од

природни непогоди кои општината ги добила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои општината ги отфрлила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

2015-0
2017- МЗШВ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)
2018- 15 - Полава во с. Возарци, поплавени се петнаесет (15) куќи и истите се обештетени.
2021- 93 -пролетен мраз
2021- 1067- суша на земјоделските култури, од кои петнаесет (15) барања се отфрлени како неосновани
2022- 93 – за штета настаната од невремето што ја зафати Општина Кавадарци, од кои триесет (30) барања се третираат како неосновани.

5. Доставете ни информација за број на човечки жртви како резултат од случени природни непогоди во општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.

   Нема човечки жртви како резултат на случени природни непогоди.

6. Доставете ни ги збирните извештаи за проценети штети од природните непогоди кои Комисиите за проценка на штети при елементарни непогоди ги изготвиле во периодот од 2003 заклучно со 2023 година .

   -Во 2022 година согласно известување од Влада на РСМ, за одобрување на средства за штета од елементарна непогода мраз,слана и ниски температури и добиените финансиски средства од 5.139.737,00 денари,Општина Кавадарци изврши распределба согласно одобрениот елаборат.
   -Според извештајот за настанати штети од невремето кое ја зафати територијата на Општина Кавадарци на ден 13.08.2022 и 24.08.2022 година , вкупната сума која е определена за надомест за обештетување е во вредност од 384.000,00 денари.
   - За одобрени средства за суша на земјоделки култури сеуште се чека одговор од Влада на РСМ.
   Во прилог Ви ги испраќам следниве документи:
   - Елаборат за проценка на штета од мраз, слана и ниски температури во Општина Кавадарци во деновите 08, 09 и 10.04.2021 година
   - Елаборат за проценка на штета суша во Општина Кавадарци во месеците Јуни, Јули и Август 2021 година.
   -Извештај за настанати штети од невреме од 13.08.2022 и 24.08.2022 година.

7. Доставете ни информација за должина на водоводна и канализациона инфраструктура која е оштетена или уништена како резултат на случена природна непогода во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по тип на природна непогода.

   Според информациите од ЈП Комуналец Кавадарци во просек по година должината на водоводната и канализациона инфраструктура која е оштетена и се менува изнесува од 4-5 км. За подетални информации можете да се обратите преку слободен пристап на

информации до ЈП Комуналец.

8. Доставете ни информација за утврдени проблеми со локалните патишта предизвикани од полави и поројни дождови во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по години и одделно по патен правец на кој е утврден проблемот.

   Според информациите кои ги има општината, поголеми оштетувања нема, воглавно се наноси од земја и одрони на скоро сите локални патишта, а истите се отсранети од страна на службите на ЈП Комуналец Кавадарци

9. Доставете ни мерки за спречување на природни непогоди кои општината ги презела во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

   Службите на Општина Кавадарци (мој општинар), службите на ЈП Комуналец , ТППЕ Кавадарци и Кол Центар Кавадарци се во постојана комуникација и координација , по поднесени пријави од граѓани, по евентуална потреба за заштита на дел од територијата на општината при најава за невреме или некоја друга природна непогода. До граѓаните се апелира да не ги паркираат возилата на главните улици, за да се обезбеди простор за брза и ефикасна интервенција на надлежните. Да ги остранат возилата од под дрворедите како не би дошло до нивно оштетување. Се апелира и до жителите за време на непогодата да не се движат непотребно, да ги избегнуваат водените површини, како и да бидат подготвени за вклучување во евентуални акции.
   Мерките за спречување на природни непогоди можете да ги разгледате во Стратешки план за намалување на ризици, Оперативен план за заштита и одбрана од поплави и План за заштита и спасување на подрачјето на град Кавадарци кои се објавени на веб страната на општината на следните линкови:

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Стратешки-план-за-намалување-ризици-од-катастрофи.pdf

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Оперативен-план-за-заштита-и-одбрана-од-поплави.pdf

   https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/План-за-заштита-и-спасување-на-подрачјето-на-Општина-Кавадарци.pdf

10. Доставете ни информација дали на територијата на општината има тим/единица за справување со природни непогоди во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.Доколку тимот/единицата е во рамки на друг државен орган, ве молиме наведете го државниот орган во чии рамки функционира тимот/единицата.

    Тимот е формиран од сите вработени во ТППЕ Кавадарци и 15 лица до ЈП Комуналец Кавадарци, а по потреба и повеќе лица.

11. Доставете ни ги плановите за справување со ризици од природни катастрофи изработени и усвоени од општината  во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

    Во одговорот на прашањето со број девет го имате линкот до планот за намалување со ризици.

12. Доставете ни информација за начинот на кој општината го следи спроведувањето на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

    Општиот модел за управување со ризиците, кој го воспоставува Општина Кавадарци,се состои од пет чекори:
    - поставување на цели;
    - утврдување на ризиците;
    - процена на ризиците;
    - воспоставување контролни мерки и нивно отстранување (постапување по ризиците), и
    - следење и известување за ризиците

13. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со финансиски средства за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

    Општината не се соочува со проблеми со финансиски средства.

14. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со човечките капацитети за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на проблеми поврзани со човечките капацитети со кои се соочува општината (недоволен број вработени, недоволно обуќен број на вработени и слично)

    Општината не се соочува со проблеми, меѓутоа секогаш се добродојдени повеќе обучени лица.